ШТО ПРЕТСТАВУВААТ mmol/l? КАКО ДА СЕ ИЗРАЗАТ ВРЕДНОСТИТЕ ОД mmol/l ВО mg/dl И ОБРАТНО?

За да се изразат од mmol/l во mg/dl (на гликоза), помножи со 18.

За да се изразат од mg/dl во mmol/l (на гликоза), подели со 18 или помножи со 0. 055.

Овие фактори се специфични за гликоза, затоа што зависат од масата на еден молекул. Коефициентите за конверзија се различни за различни супстанции.

Запомнете дека светлосните апаратите имаат во најдобар случај процент на грешка од 10-15%, а отчитувањата на плазмата се 15% повисоки во споредба со истите направени на полна крв. Исто така запомнете дека капиларната крв се разликува од венската крв. Со цел за појасно и полесно прикажување на одредените вредности, истите изразувајте ги со што е можно помалку децимали. На пример, вредноста од 4.3 mmol/l изразена во mg/dl изнесува 77.4, но би требало да се одреди како 75 или 80. Слично на ова, вредноста од 150 mg/dl изразена во ммол/л изнесува 8.3333.....,но 8.3 е прифатлива вредност, па дури и само вредноста 8 најчесто би го изразила значењето во целост.

Mmol/l	mg/dl	интерпретација (толкување)
2.0	35	екстремно ниско, опасност од губење на свест
3.0	55	ниско, незначителна инсулинска реакција
4.0	75	лесно намалена, први симптоми на летаргија итн.
5.5	100	идеално
5 – 6	90 – 110	нормално пред оброк кај недијабетичари
8.0	150	нормално по оброк кај недијабетичари
10.0	180	максимално по оброк кај недијабетичари
11.0	200	
15.0	270	малку до многу покачена во зависност од пациентот
16.5	300	
20.0	360	изразито покачена
22	400	max mg/dl за многу апарати и тест траки